Врз основа на Член 9 од Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019) и во согласност со член 43, став 1, точка 9, од Статутот на Универзитетот на Југоисточна Европа, Ректорската управа на Универзитетот на Југоисточна Европа, на 129 состанок, што се одржа на 24.12.2019 година ја одобри следнава:

**ОДЛУКА**

**за утврдување на списокот на информации од јавен карактер под надлежност на Универзитетот на Југоисточна Европа**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува списокот на информации од јавен карактер што Универзитетот на Југоисточна Европа ги подготвил и ги поседува во вршењето на своите овластувања, предвидени со закон.

Списокот на јавни информации содржи информации подготвени од телата на Универзитетот на Југоисточна Европа, тела за управување и за професионални услуги и тоа:

- Податоци за надлежностите на универзитетските тела;
- Основни податоци за имателот на информациите;
- Податоци за одговорното лице;
- Основни податоци за контакт со официјални лица за посредување со информации;
- Основните податоци за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување;
- Список на лица вработени кај имателот на информацијата;
- Законите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации;
- Нормативни акти;
- Органограм за внатрешна организација;
- Стратегиски план;
- Годишен Буџет;
- Ревизорски извештај на имателот на информацијата;
- Видови на услуги кои ги дава имателот на информации;
- Начин на поднесување барање за пристап до информации од јавен карактер;
- Извештаи за работа кои ги поднесуваат до органите надлежни за спроведување контрола и надзор;
- Извештај за самоевалуација;
- Други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информациите.

Сите горенаведени информации се достапни на веб-страницата на Универзитетот на Југоисточна Европа на следниот линк: www.seeu.edu.mk

**Член 2**

Списокот на информации од јавен карактер од член 1 на оваа Одлука се објавува на веб-страницата на Универзитетот на Југоисточна Европа.

**Член 3**

Сите лични податоци (врз основа на Законот за заштита на личните податоци), податоците за тековните финансиски работи по сите основи и сите информации определени како исклучок од Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер, се заштитени од правото за слободен пристап до информации во согласност со член 6 од законот.

**Член 4**

Списокот на информации од јавен карактер е објавен на веб-страницата на Универзитетот на Југоисточна Европа.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Ректорска управа**

**Претседател,**

**___________________________**

**Акад. проф. д-р Абдулменаф Беџети**